Патувања од другиот џеб

Васко Марковски

БИБЛИОТЕКА – ***НА ПАТ***

Уредник
Филип Димевски

Лектура
Ирена Ралева

Copyright © Васко Марковски, 2026
Copyright © Бегемот, 2026

Компјутерска обработка
Бегемот

Ликовно уредување
Наталија Лукомска

© Сите права на изданието ги има БЕГЕМОТ ДООЕЛ – Скопје. Забрането е копирање, умножување и објавување делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

Патувања од другиот џеб

Васко Марковски



Скопје, 2026

Содржина

Крали Марко суперстар 7
Ни на небо ни на земја 13
Земи четку и работи! 17
Не сме тука мечките да нè изедат! 21
Историја на парче метал 26
Странци во својот град 29
Бунтот на Роса и Накие 34
Матуранти и по шеесет години 38
Сенката на Силјан повторно лета 42
Идно Скопје 45
Патокази на животот 51
Синоптичарите 55
Вевчани 2009 60
Чувари на животот 65
Грбовите на Македонија 70
Ризница во кугланата 74
Забрането во ЕУ 78
Азното на Елзи 81
Вевчанските воденици 86
Последните рисови 89
Вкусовите на Стара чаршија 95
Мед, млеко и мирис на дрво 98
Археологија 2009 102
Тур д' Јабланица 105
Кристалната палата под Дебар 110
Костоперска карпа 114
Куќа на сто и педесет клопотарци 119
Дојранска софра 124
И Подгорци има василичари! 129

Белешка за авторот 135

Крали Марко суперстар

Името на Крали Марко ќе го сретнете на шише пиво, како име на ресторанче во близина на Стража, на репертоарот на театрите, во народното творештво на балканските народи, на интернет и на милион други места, но не и како име што ќе носи туристи во Македонија, земјата во која владеел и која изобилува со топоними и леѓенди поврзани со неговото име.

Доцна стигнува на Косово, имал долги мустаќи, носел тежок боздоган, можел да испие десет буриња вино, го штител народот од Црна Арапина и Муса Кесеџија, имал кули во Прилеп, манастир кај Драчево, љубовни афери со самовили, јадел и пиел обилно, но сè што имал на маса делел со неговиот коњ Шарец.

Има ли потреба да се каже за кого станува збор, освен по којзнае кој пат да се констатира дека Крали Марко, Марко Крале, Краљевиќ Марко, Марко Мрњавчевиќ.. е можеби најголемата супersвезда од Македонија што кога било се појавила.

Неговото име ќе го сретнете на шише пиво, како име на ресторанче во близина на Стража, на репертоарот на театрите, во народното творештво на балканските народи, на интернет и на милион други места, но не и како име кое ќе носи туристи во Македонија, земјата во која владеел и која изобилува со топоними и легенди поврзани со тоа име.

Но, не уште долго. Така барем нè уверуваат од здружението „Крале Марко“ околу кое се обединети луѓе од разни профили, сакајќи да ја промовираат и да ја зачуваат традицијата на легендарниот крал. Не случајно токму сега се сетивме на нив, имајќи предвид дека на 17 мај се навршија 612 години од неговото загинување во месноста Ровине, денешна Романија, во битка со влашкиот владетел Јован Мирче.

„КРАЛЕ МАРКО“ ТУРИСТИЧКИ БРЕНД. Група ентузијасти во 2005 година решила да основа здружение што си дало задача од Крали Марко да направи бренд што ќе привлече туристи во Македонија. Главниот мегдан за да го направат тоа решиле да биде веб-страницата www.kralemarko.org.mk, која две години секојдневно ја ажурираат, објавувајќи ги сите информации до кои ќе дојдат трагајќи по новости што ќе помогнат да се расветлат ликот и делата на средновековниот крал од Прилеп.

– Основната идеја е да им понудиме на луѓето од странство приказна што ќе ги привлече да дојдат во Македонија. Го работиме сајтот, но тоа не е сè. Секојдневно сме во потрага по нови сознанија и нови форми на активности што ќе ни помогнат во тоа. Во проектот се вклучени научници, научни институции, туристички агенции, ресторани, занаетчии, општините и секој што сака да помогне во идејата – раскажува **Гордана Јанакиевска**, основач на Здружението „Крале Марко“.

Завршила архитектура, работниот век го поминала во туризмот, работејќи во многу туристички агенции, но вели дека и како пензионерка не може да мирува откако се заразила од култот кон Крале Марко.

Магнетизмот го почувствувала откако го видела отпечатокот од раката на Крали Марко на фасадата од црквата „Свети Андреа“ на Матка, изградена од неговиот брат Андреаш. Уште од првото одење таму во мислите ѝ останал отпечатокот од раката на Крали Марко до вратата на црквата, кој, како што дознала од подоцнежните истражувања, требало да им испрати порака на Турците „Заштитено од Крале Марко“, како налепниците на денешните агенции за обезбедување на излозите на дуќаните.

– Оттогаш легнувам и станувам со мислата за Крале Марко. Проучувам сè што е поврзано со него и со Македонија во тој период – легенди, вистини, историски факти. Покрај веб-страниците, подготвуваме туристички аранжмани поврзани со Крале Марко и организираме настани на кои го презентираме тоа што сме го откриле, а посебна активност е соработката со неколку ресторани, со кои сакаме да ја откриеме храната што се приготвувала во времето на Крале Марко – раскажува Јанакиевска.

„ПРИЛЕП СЕ ОПАМЕТУВА“. Од Здружението укажуваат дека и покрај големиот ентузијазам нема да можат да го сработат тоа што го зацртале како своја цел, сѐ додека институциите не покажат интерес и не ја поддржат идејата.

– Земете го за пример Прилеп, кој се нарекува „Град под Марковите кули“, некогашен град престолнина, а е единствениот град во кој нема улица што се вика „Крале Марко“. До Маркови кули можете да дојдете само пеш, затоа што нема пат за да однесете туристи со автобус. Наместо Крале Марко, заштитен знак на градот е свети Никола. Појдете во црквата Свети Атанасиј и ќе видите група туристи од Бугарија, на кои нема кој да им ја раскаже македонската приказна за Крале Марко – раскажува Јанакиевска.

Сепак, смета дека работите се помрднале од местото и се надева на подобри денови.

– Многу сум среќна што годинава во Прилеп за првпат ќе се одржи манифестација „Денови на Крале Марко“, која треба да помогне да се расветли ликот и делото на кралот Марко. Таму ќе носиме група новинари, туристички работници и луѓе што се заинтересирани да видат што работиме како здружение. Тука ја имаме поддршката од градот и се надевам дека идат подобри денови.

СУВЕНИРИ СО КРАЛИ МАРКО. Здружението „Крале Марко“ соработува со група занаетчии што се здружени со истата идеја. Занаетчиите самите си го финансираат занаетот, а здружението им помага да ги продадат секаде каде што водат туристи и во продавницата на здружението.

– Идејата е туристите кога ќе дојдат да имаат и што да однесат дома одовде. Ќе однесат дома шолја со ликот на Крале Марко, којашто ќе ја видат нивните пријатели и ќе прашаат кој е тој на сликата. Вака, ако немаме сувенири, што ќе им ја пренесе приказната таму? Ќе дојдат на Маркови кули, ќе се сликаат – и толку. Неодамна запознав резбари што сакаат да направат сувенири со ликот на Крале Марко, но не прават зашто не знаеле дека постојат фрески на кои можат да го видат ликот на Крале Марко, како фреските во црквата Свети Архангел во Прилеп и во Марков манастир кај Скопје – велат од „Крале Марко“.

НАЈОПЕАН ЈУНАК. Несомнено, но и научно потврдено, е дека Кралот Марко е една од најопеаните личности во народното творештво на балканските народи. Околу него се плетат разни приказни и преданија, кои му придаваат натчовечки способности, како јунак што ги заштитувал сиромашните од освојувачите и од натприродни суштества. Најчесто ги избавува од Црна Арапина и од Муса Кесеџија, во чиј лик, според некои толкувања, се олицетворени даночниците на Османлиската Империја. Вечен придружник во неговите подвизи е коњот Шарец, кој исто така има натприродни способности – јаде и пие што јаде и пие Марко, има крилја со кои може да лета, громогласно ’ржи и топоти со копитата.

Ваквото наследство, вели Јанакиевска, се најголемото богатство што може да ги привлече странските туристи во Македонија.

– Секаде каде што одиме со туристи, приказната ја врзуваме за местото што го посетуваме. На пример, кога сме во Охрид, ги носиме кај едно брдо во близина на манастирот Свети Еразмо, каде што земјата е црвена. Токму за тоа место има предание дека земјата таму е црвена зашто таму биле бочвите со вино на Крале Марко, па од истекувањето земјата е црвена. Има безброј такви преданија – вели Јанакиевска.

ШТО ВЕЛИ ИСТОРИЈАТА? Кралот Марко бил најстариот син од четирите сина на кралот Волкашин, кој владеел во XIV век на територијата меѓу Прилеп и Скопје, и неговата сопруга Елена. Волкашин служел како винар на дворот на српскиот цар Душан, а неговиот брат Углеша бил царски коњушар.

– Волкашин брзо напредувал на дворот на Душан, поради што во средината на четириесеттите години од XIV век бил поставен за жупан на територииите на Северна Пелагонија со седиште во Прилеп. Кралот Марко се појавува на историската сцена во шеесеттите години од XIV век, кога бил испратен во дипломатска мисија во Дубровник, каде што ги застапувал интересите на српскиот цар Урош и на неговиот татко Волкашин – раскажува историчарот **Милан Бошковски**, вонреден професор на Филозофскиот факултет во Скопје и стручен соработник на Институтот за национална историја.

Со доаѓањето на царот Урош на власт, Волкашин видел погоден момент за да ја зголеми својата моќ, гледајќи дека Урош не може да се наметне како владетел што ќе биде способен да ги обедини сите територии со кои владеел.

– Тоа кулминира околу 1368 година, кралот Волкашин и Марко како млад крал се судриле со силите на цар Урош и на српското благородништво од старите српски земји. Царот Урош бил катастрофално поразен, по што Волкашин почнува самостојно да владее, за што сведочи тоа што оттогаш почнал да се потпишува како крал Волкашин, без никакви додавки. Во оваа битка, за која многу малку се зборува, Марко видел прилика да се наметне како способен војсководец – вели Бошковски.

Кралот Марко доаѓа на престолот во 1371 година, по загинувањето на Волкашин и Углеша во битката на реката Марица, кога нивните сили биле поразени, а делови од Македонија биле освоени од Османлиите.

Од Волкашин наследил голема територија, успеал да ги подобри односите со соседите и се обидел да изгради стабилни односи со Османлиската Империја. Во тоа време Србија била заслабната, така што сите соседни деспотства во него гледале водач што ќе успее да им се спротивстави на Османлиите. Записи од XVI век сведочат дека Марко, користејќи го своето дипломатско искуство, успеал за десетина години да го одложи вазалскиот однос кон Турците, но подоцна бил принуден да го прифати. Неговата обврска кон Османлиите била да собира даноци од населението и да го следи султанот со воени сили кога ќе се јави потреба за тоа. Во такви односи останал и во времето на Косовската битка во 1386 година, кога учествувал со војска на страната на Османлиите. Нивни сојузник бил и во походот на влашките земји, каде што загинува во 1395 година, во битка против војводата Јован Мирче.

Владеел дваесет и четири години, а кога загинал, бил на возраст од шеесет години.

ДОЦНА СТИГНУВА НА КОСОВО. Историчарот Бошковски вели дека нема историски податоци дека Марко учествувал во битката на Косово Поле, за да може да се најде толкување на изразот „Доцна стигнува Марко на Косово“. Тој

оценува дека со оглед на тоа што бил во вазалски однос со Османлиите, сосема е сигурно дека не можел да учествува во битката помеѓу османлиската и српската војска. Се претпоставува дека преку изразот народниот пејач сакал на сликовит начин да каже дека и покрај моќта што ја имал како војсководец, Марко бил со врзани раце и не можел да им помогне на христијаните.

Прво објавување: 18 мај 2007 г., Форум плус